**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
- Градоначалник -
Бр. 11-152/3 од 27.01.2025 година
Чучер Сандево

Деловодни знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20____ год.
Потпис,
______

# Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 и КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, со проектен опфат од **1,1597 ха.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот Производно услужно градежно трговско друштво **ЕДОНА-ББ ДООЕЛ увоз-извоз Сарај, Скопје** на ден 20.01.2025 година, поднесе Барање за одобрување, **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 и КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, тех.бр. **0801 - 598/24** од јануари 2025 година, изработена од **Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје** со лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0090 од 30.07.2022 година на неопределено време.

Комисијата за урбанизам на Општина Чучер-Сандево, формирана со Решение бр. 09-939/1 од 26.06.2023 година, согласно член 38 став (8) и Член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), на ден 23.01.2025 година, достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, Предлог за одобрување на **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – Згради од лесната градежна индустрија, на КП 2871 и КП 2872, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.**

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Против ова решение незадоволната страна може да изјави посебна жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
Бојана Палифровска миа

**Одобрил од правен аспект:**
Румена Соколиќ

**Градоначалник на**
**Општина Чучер Сндево,**
Сашко Комненовиќ